Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-415/2

Датум: 2.5.2024

До

[redacted]

**Предмет: Известување**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван,

До Инспекцискиот совет е пристигнато Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-415/1 од 15.04.2024 година, во кое Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]) и фотокопија по пошта од следната информација:

1. **Колку лиценци за Виш инспектор за инспекциски надзор има издадено Инспекцискиот совет до сега. На кои инспекори, од кои инспекциски служба Инспекцискиот совет им има издадено лиценца за Виш инспектор за инспекциски надзор.**

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер и во однос на истото Ве информираме дека информацијата која е предмет на Барањето е информација со која Советот не располага, бидејќи Инспекцискиот совет согласно член 11, став (1) од Правилникот за формата и содржината на регистрите, како и начинот на воспоставување, користење и содржината на информацискиот систем за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ, бр. 271/2019 година), во рамки на информацискиот систем, Советот воспоставува и одржува регистри за:

1) Регистар на закони и подзаконски според области на инспекциски надзор,
2) Регистар на инспекциски служби, вклучувајќи раководно лице,
3) Регистар на видови на инспектори,
4) Регистар на инспектори,
5) Регистар на лиценци за инспектор,
6) Регистар на извршени инспекциски надзори и
7) Регистар на претставки и предлози.

Согласно наведеното, Советот располага со вкупен податок за издадени лиценци, по видови на инспектори (точка 3), а не по звање.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а:Маја Срезоска, раководител на Сектор